# СТАТИИ-ПРИЛОЗИ

Бранко ПАНОВ

## КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ И НЕГОВОТО СЕСЛОВЕНСКО ДЕЛО*

Климент Охридски спаѓа во редот на оние доследни продолжувачи на епохалното сесловенско дело на солунските браќа Кирил и Методиј, кој со големината на своето словенско дело се вброил меѓу најголемите великани во културната ризница на човештвото. Со такви високи признанија Климент бил удостоен не само од своите бројни ученици—следбеници[1], туку и од неговите грчки биографи Теофилакт Охридски и Димитрија Хоматијан. Теофилакт Охридски во Пространото Климентово житие со нагласеност истакнува дека Климент бил еден од најспособните ученици на браќата Кирил и Методиј и дека спаѓал во „групата на корифеите" која покрај него ја сочинувале и Горазд, Наум, Ангеларий и Сава[2]). Димитрија Хоматијан, пак, во напишаното Кратко Климентово житие откако истакнал дека Климент „измислил и други форми на буквите за поголема јаснотија од оние што ги пронашол мудриот Кирил", со нагласеност заклучил дека тој со нив напишал голем број дела и изградил голем број ученици од кои некои биле удостоени со свештенички чинови и така успеал да го претвори „варварскиот (т.е. словенскиот) и див народ во свет народ, со што извршил апостолско дело" и се здобил со апостолско достоинство.[3])

Во научниот свет животот и делото на сесловенскиот просветител Климент Охридски станале предмет на сестрани науч-

---

* Реферат поднесен на XVIII Годишно собрание на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија, одржан во Струга од 1—2 април 1986 година, посветено на 1100-годишнината од доаѓањето на Климент во Охрид и создавањето на Охридската книжевна школа.

1) Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски. София 1966, стр. 127; П. Петров, В. Гюзелев, Христоматия по история на България, I, София 1978, стр. 292-295.

2) Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 81. Вид.: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, епископ словенский. Его жизнъ и просветительная деятельность. Сергиев Посад 1913, стр. 118.

3) Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 181.

ни проучувања дури од првата половина на XIX век, кога со откривањето и публикувањето на т.н. Панонски житија и делото на неговите учители Кирил и Методиј привлекло голем број истражувачи и станало предмет на интензивни проучувања.[4]) Денес, иако науката веќе располага со огромна научна продукција, поради скудните и несигурни изворни податоци сеуште останале неосветлени повеќе страни од животот, дејноста и делото на Климент Охридски. Затоа до пронаоѓањето на нови изворни материјали (пишани и материјални) расположливите извори (словенски, грчки и латински)[5]) и натаму ќе бидат предмет на сестрани анализи при разрешувањето на бројните проблеми сврзани со животот и делото на Климент Охридски.

Врз база на расположливите изворни податоци во науката веќе со доста аргументи се тврди дека Климент Охридски потекнувал од словенски род и тоа од оние македонски краишта кои влегувале во рамките на „словенското кнежевство",[6]) кое 10 години (од 845—855) како византиски управител го управувал неговиот учител Методиј, постариот брат на Константин Филозоф—Кирил. Средиштето на Методиевото словенско кнежевство го сочинувале струмичко—брегалничките краишта, кои, по отпочнувањето на бугарските завладувања во Североисточна Македонија кон крајот на 30-те години на IX век, станале погранични територии меѓу Византија и Бугарија. Методиевото кнежевство, всушност, опфаќало поголем дел од територијата на Стримонската склавинија (племенската територија на македонското словенско племе Струмјани) над, која Византија во овој период успеала да ја воспостави својата врховна власт, уредувајќи ја во воено-административен поглед како клисура. Како византиски управител во овие македонски краишта, Методиј требало да се ангажира во собирањето на словенска војска, нејзиното обучување и зајакнување на дисциплината, зашто истата требало да се употреби во отстранувањето на засилената бугарска опасност. Со цел да ја зајакне дисциплината меѓу нерегуларната словенска војска, Методиј го составил и т.н. „Закон судниј људем" на словенски јазик со грчки букви. Ова Методиево дело Сергеј Троицки, сестран познавач на византиско-словенското црковно право и на бра-

---

[4]) Опстојно за тоа, види: Климент Охридски, Събрани съчинения, т. III. Пространни жития на Кирил и Методий. Подготвили за печат Б. Ст. Ангелов и Х. Кодов. Изд. на БАН, София 1973, стр. 5 и сл.

[5]) Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 1 и сл.

[6]) Исто, стр. 113—115. Сп. и Б. Панов, Средновековна Македонија, III, Скопје 1985, стр. 172—173, 194 и сл.

ката Кирил и Методиј, со право го смета „за првенец на сета словенска литература", зашто било напишано непосредно пред создавањето на словенската азбука од Константин Филозоф.[7])

Во првата половина на 50-те години на IX век од страна на византискиот царски двор бил испратен на мисионерска работа меѓу Словените кои ги управувал Методиј и Константин Филозоф, со цел да му помогне во затврдувањето на византиските позиции кои уште повеќе биле загрозени од Бугарите кога на нивно чело дошол кнезот Борис (852—889). Од Краткото Кирилово житие (за чиишто автор некои научници го сметаат Климент Охридски) се дознава, дека Константин Филозоф по извојуваната верска победа над бившиот иконоборски патријарх Јован VII Граматик (во житието наречен Ание), уште пред да замине во извршување на Сарацинската мисија во 855/856 година во Багдад, византискиот двор го испратил да дејствува како мисионер меѓу Словените по реката Брегалница во Македонија: „Потоа отиде на Брегалница и, таму најде неколкумина од словенскиот народ покрстени. И оние кои не беа покрстени тој ги покрсти и ги приведе на православната вера. Им напиша и книги на словенски јазик. Сите оние што ги приведе во христијанска вера, беа 54.000".[8])

Дека Константин Филозоф дејствувал повеќе години како мисионер „во градот Равен на реката Брегалница" и дека за потребите на тукашните Словени создал 35 букви, се вели и во т.н. Солунска легенда.[9])

Врз база на овие вести, уште во средината на XIX век познатиот руски академик А. Куник се изјасниил, дека „правото место на апостолското служење на св. Кирил меѓу Словените било на растојание само неколку дена пат од Солун, по реката Брегалница" и дека „првото словенско писмо било наменето, имено, за Словените на Брегалница".[10])

Кратко време по искажувањето на А. Куник, ваквото гледиште со нови аргументи го подржал и големиот познавач на делото на Кирил и Методиј А. Хилфердинг, кога се изјаснил дека Константин Филозоф ја создал словенската азбука уште во 855 година најпрвин за потребите на Словените кои живееле

[7]) С. В. Троицкий, Св. Мефодий как славянский законодатель. — Богословские труды Московской патриархии, Сборник второй. Москва 1961, стр. 115.

[8]) Й. Иванов, Български старини из Македония. Фототипно издание. София 1970, стр. 285 и бел. 3; Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, I, Скопје 1981, стр. 62.

[9]) Й. Иванов, Български старини из Македония, стр. 183; Б. Ст. Ангелов, Из старата българска, руска и сръбска литература, кн. II, София 1967, стр. 44 и сл.

[10]) А. Куник, О материалах для истории Болгарской церкви. — Записки Императорской Академии Наук, т. V, кн. 2, С. — Петербург 1864, стр. 254, бел.

по реката Брегалница. Притоа тој заклучил, дека „во Македонија Кирил го создал преводот на Светото писмо за просветување на Словените од својата татковина, што биле веќе делумно покрстени; се укажува дури и местото каде Кирил го положил почетокот на тоа дело, имено тоа била Брегалница, крај во Македонија во кој тече река која и денес го носи тоа име... Брегалница се наоѓа имено во оној (североисточен) дел на Македонија, кој претежно од Византијците се наречувал Славинија, и тоа е таа област која се наоѓала во тоа време под управа на Методиј. Не била ли тука најблиската и најдобрата почва за обиди на првата словенска писменост и словенската богослужба". Расположливите извори јасно укажуваат „на Македонија како на татковината на словенската писменост, на Македонските Словени како на племе за кое Кирил ги создал од почетокот своите трудови" — заклучува Хилфердинг.[11])

По искажувањата на Куник и Хилфердинг, проблематиката околу дејноста на браќата Кирил и Методиј меѓу Словените кои живееле по текот на реката Струма, а поконкретно во Струмичко—брегалничкиот регион, привлекла и други врвни познавачи на животот и делото на Солунските браќа. Притоа во прилог на гледиштето на Куник и Хилфердинг аргументирано се искажале и М. Погодин, В. Билбасов, Ј. Елпидински, О. Перфолф, Н. Туницки и други врвни познавачи на браќата Кирил и Методиј".[12])

Дека Константин Филозоф со помошта на брат му Методиј ја создал словенската азбука најпрвин за потребите на Македонските Словени кои живееле во рамките на „словенското кнежевство" кое го управувал 10 години Методиј, убедливо говорат и податоците од делото на Црноризец Храбар „О писменах", како и од Пространото Климентово житие. Црноризец Храбар во своето дело со нагласеност истакнува дека Константин Филозоф ја создал азбуката и превел книги од грчки на словенски јазик заедно со својот брат Методиј во 855 година.[13]) Слично се изјаснил и житиеписецот на Пространото Климентово житие, кога нагласил дека Кирил заедно со Методиј „ја изнашле словенската азбука" и превеле книги од грчки на словенски јазик и на тој начин се „погрижиле да им ги предадат божјите знаења на своите поспособни ученици".[14])

Врз база, главно, на овие изворни податоци во науката со право се тврди дека Методиј одиграл главна улога да се создаде словенската азбука—глаголицата. Тоа е и разбирливо, зашто тој како долгогодишен словенски управител се судрил

---

[11]) А. Гильфердинг, О Кирилле и Мефодие и тысячелетней их годовщине. — Кирилло-Мефодиевский сборник. Москва 1965, стр. 150—151.

[12]) Вид.: Б. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 153 и сл.

[13]) К. Куев, Черноризец Храбър. София 1967, стр. 191; Документи за борбата на македонскиот народ..., I, стр. 65.

[14]) Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 80—81.

со основните потреби на Македонските Словени. „Закон судниј људем", што го напишал со грчки букви на словенски јазик, не ги дал очекуваните резултати затоа што, како истакнува и Црноризец Храбар, не било можно некои од словенските зборови да се пренесат со грчки букви.[15]) Во таа смисла убедливо е искажувањето на В. С. Киселков, кога вели дека „идејата за словенско писмо и словенска книжнина најнапред ја дал Методиј, а генијалниот филолог и ревносен мисионер Константин бил човекот кој наполно ја примил и ја остварил со помошта на својот брат."[16]) До слично становиште дошол и Иван Дујчев кога навел дека Константин „за потребите на своите собраќа Словени во целата Ромејска империја најдобро можел да го извести за тоа неговиот брат Методиј, кој што многу време пред тоа во тек на многу години бил управител на словенското кнежевство."[17])

Климент Охридски чиешто родно место се наоѓало во рамките на Методиевото „словенско кнежевство", уште од најраните детски години бил привлечен од Методиј. За тоа известува и Теофилакт Охридски во Климентовото житие, кога меѓу другото истакнува дека: „(Климент) како никој друг го знаел животот (на Методиј), зашто од младешки и јуношки години го придружувал и ги видел со очите сите дела на својот учител".[18]) Од расположливите изворни податоци сеуште не е можно да се утврди годината на раѓањето на Климента, како и на колкава возраст бил кога влегол во кругот на учениците на Методиј. Во науката како најубедливо останува гледиштето дека Климент бил роден кон крајот на 30-те или во почетокот на 40-те години на IX век.[19]) Раното познанство со Методиј, како што со нагласеност истакнал Н. Туницки, било за Климента од мошне важно значење, зашто „тоа го определило целиот натамошен правец на неговиот живот".[20])

Климент Охридски, кој што уште од млади години се вброил меѓу најспособните ученици на браќата Кирил и Методиј, т.е. меѓу оние нивни избраници кои по изнаоѓањето на словенската азбука први почнале да ги усвојуваат „божјите знаења" на својот разбирлив мајчин јазик, секако зел активно учество во ширењето на словенската писменост меѓу своите сопле-

---

[15]) К. Куев, Черноризец Храбър, стр. 188; Документи, I, стр. 63.

[16]) В. С. Киселков, Славянските просветители Кирил и Методий. София 1946, стр. 152.

[17]) Ив. Дуйчев, Въпросът за византийско-славянските отношения и византийските опити за създаване на славянската азбука през първата половина на IX век. — Известия на Института за българска история, 7, София 1957, стр. 260.

[18]) Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 131.

[19]) Х. Поленакович, Климент Охридски. Жизнь и деятельность. — Сб. Климент Охридский. Изд. „Македонска книга", Скопје 1969, стр. 20; Б. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 198.

[20]) Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 115.

меници. Во таа смисла убедливо е искажувањето на Н. Туницки, дека Климент како најблизок ученик на Методиј „не можел да остане непознат и на неговиот брат", зашто и тој имал зачудувачка сила да привлекува кон себе свои следбеници и блиски помошници.[21])

Во научната литература со темнина е обвиен животот и дејноста на Климент Охридски во периодот од крајот на 855—863 година. Причина за тоа се скудните и неодредени изворни податоци. Во овој временски период Климент секако ја делел судбината на своите учители Кирил и Методиј.

Од расположливите изворни податоци се утврдува дека и покрај сестраното воено-дипломатско, црковно и културно ангажирање на Византија во затврдувањето на нејзините позиции во пограничните североисточни македонски области со Бугарија и покрај ангажирањето во сето тоа и на такви способни словенски дејци, какви што биле браќата Кирил и Методиј и големиот број нивни ученици, Бугарите ја отстраниле нејзината власт од поголем дел на Методиевото „словенско кнежевство" уште во 50-те години на IX век. Тоа станало во последните години од владеењето на ханот Пресијан (836—852) и во почетокот од владеењето на неговиот син, кнезот Борис. Во прилог на тоа говорат, освен вестите од еден летопис, дека Борис го примил „царството" на реката Брегалница[22]) и податоците од Житието на Тивериополските маченици, со кои Теофилакт истакнува дека тогаш жителите на Тивериопол (Струмица) биле исто така натерани да се признаат за робови на Бориса и да се потчинат на неговата господарска заповед.[23]) Од средината на 50-те години, кнезот Борис почнал да продира и во областите од десната страна на реката Вардар и до 864 година, кога склучил мир со Византија, успеал да потчини поголем дел од Југозападна Македонија и од територијата на денешна Албанија.[24]) Тогаш, како што известува Теофилакт Охридски во Житието на Тивериополските маченици на кнезот Борис „немалку народи му се потчиниле"[25]). Податоците од Пространото Климентово житие сведочат дека во овој период во рамките на бугарската држава биле приклучени градот Белград со другите околни српски градови и области, брегал-

---

[21]) Исто, 115.

[22]) Й. Иванов, Богомилски книги и легенди. Фототипно издание. София 1970, стр. 283.

[23]) Patrologiae cursus completus. Series Graeca, t. 126. Ed. J. P. Migne. Paris 1864, col. 205, B. Сп.: Б. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 686.

[24]) Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 168; Б. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 607.

[25]) PG, t. 126, col. 201, A.

ничко—струмичките, охридско—деволските краишта, како и други македонски и албански области.[26])

Брзите продори на кнезот Борис во брегалничко-струмичките краишта биле причина кон крајот на 855 година браќата Кирил и Методиј со своите најверни ученици (меѓу кои бил и Климент) панично да се повлечат од „словенското кнежевство. Од Панонското житие на Методиј се дознава, дека во „погодно време" Методиј го напуштил кнежевството и дека тоа толку многу го погодило што решил да го напушти и световниот живот и како монах заживеал со „светите отци" на планината Олимп во Мала Азија.[27] Истото тоа го потврдуваат и податоците од Службата на св. Методиј: „Оставајќи род и татковина, жена и деца, свети учителе, во пустина замина да живееш со светите отци, преславни".[28]) Брат му Константин Филозоф, пак, по кратко задржување во Цариград бил испратен од страна на византискиот царски двор на мисионерска работа меѓу Сарацините (Арабите) во Багдад. По успешното извршување на Сарецинската мисија во 855/856 година, Константин Филозоф му се придружил на Методиј. На планината Олимп, во манастирската тишина, браќата Кирил и Методиј, заедно со Климент, Наум и другите верни ученици, кои ја сочинувале групата на нивните најблиски соработници, продолжиле да се бават со книгите,[29]) за што со нагласеност се говори во нивните житија. Тоа пак значи дека тие интензивно продолжиле на дополнувањето и усовршувањето на создадената словенска азбука во 855 година на македонска почва, на преведување и пишување книги на словенски јазик, што им овозможило подготвено да заминат во извршувањето на новите мисии меѓу Хазарите и Моравците. При извршувањето на Хазарската мисија во 860/861 година, Климент најверојатно ги придружувал своите учители Кирил и Методиј. Во прилог на тоа говорат и вестите од Пространото Климентово житие, со кои Теофилакт Охридски известува дека Климент насекаде го придружувал својот учител Методиј и ги видел со очите сите негови дела.[30]) Некои научници дури сметаат дека Климент учествувал и во откривањето на моштите на римскиот папа Климент во градот Херсонес (кои Кирил ги зел со себе) и дека по завршувањето

---

26) Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 121, 125 и сл. Сп.: Ј. Калић—Мијушковић, Београд у средњем веку, Београд 1967, стр. 32; Б. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 687—688.

27) Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 187, 198.

28) А. Теодоров—Балан, Кирил и Методи, II, София 1934, стр. 67. Сп. Б. Ангелов, Из старата българска, руска и сръбска литература, II, стр. 9—10.

29) Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 187, 198.

30) Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 131.

на Хазарската мисија тој се замонашил и го примил монашкото име Климент, во чест на Св. Климент Римски.[31])

По враќањето од Хазарската мисија, Климент најверојатно живеел во малоазискиот манастир Полихрон, чиишто игумен станал Методиј. Во овој богат манастир, во кој живееле над 70 монаси и кој поседувал богата библиотека, Методиј заедно со своите верни ученици продолжиле да ја дополнуваат и усовршуваат словенската азбука и да пишуваат и преведуваат книги на словенски јазик.[32]) Дека заедно со Климент и Наум „се присоединил кон рамноапостолите Константин Философ и брат му Методиј“ и дека нив ги придружувал „дури до стариот Рим“ — се истакнува во Второто житие на Наум Охридски.[33])

Климент и Наум се наоѓале во манастирот Полихрон, кога императорот Михаил III (842—867) на молба од моравскиот кнез Ростислав решил во 863 година да ги испрати браќата Кирил и Методиј, заедно со нивните одбрани ученици на извршување на мошне важната мисија во Велика Моравија.

Моравската мисија чија реализација започнала кон крајот на 863 година[34]) под непосредно раководство на Константин Философ, претставува таква етапа од животниот пат на Климент кога до сестран израз дошла неговата учителска и свештеничка дејност. Неговото испраќање на мисионерска работа во Велика Моравија (како и на Наум и другите ученици—помошници на браќата Кирил и Методиј), од страна на византискиот двор пред сè се должело на неговата способност за извршување специјални задачи во полза на Империјата. Затоа во право е Н. Туницки кога истакнува, дека официјалниот карактер на византиското пратеништво во Велика Моравија говори дека избраните ученици на Кирил и Методиј не биле само нивни обични соработници, туку нешто повеќе, зошто за „просветување на околните народи за мисионерска дејност обично се избирале најдобри луѓе и тоа најчесто од редовите на монаштвото. Имено такви луѓе биле соработниците на Солунските браќа“.[35])

Изборот на Кирил и Методиј и нивните ученици—помошници за мисионерска работа во Велика Моравија главно се должело на нивното словенско потекло. Такви луѓе и побарал моравскиот кнез Ростислав од страна на византискиот двор. Тој сигурно дознал за мисионерската дејност на Кирил и Мето-

---

[31]) Е. Георгиев, Разцветът на българската литератури в IX век. София 1962, стр. 92.

[32]) Б. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 202.

[33]) Б. Петров, В. Гюзелев, Христоматия по история на България, I, стр. 293.

[34]) С. Б. Бернштейн, Константин—Философ и Мефодий. Москва 1984, стр. 87.

[35]) Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 116.

диј меѓу Словените кои живееле во рамките на Византија (а секако и меѓу оние по реката Брегалница) и од кои голем број биле покрстени на разбирлив словенски јазик. Така може да се сфати и молбата што ја испратил кнезот Ростислав до императорот Михаил III: „Нашите луѓе се откажаа од паганството и се придружија до христијанскиот закон, но ние немаме таков учител што на наш јазик ќе ни ја објасни христијанската вера за да нè следат и другите земји гледајќи го тоа. Затоа испрати ни, господаре, таков епископ и учител. Оти откај вас секогаш тргнуваат на сите страни добри закони".[36])

По извршените обемни подготовки Константин и Методиј заедно со Климент, Наум и другите соработници свечено биле испратени од императорот Михаил III за Велика Моравија, носејќи со себе многу подароци и писмо за кнезот Ростислав, во кое меѓу другото се вели: „Бог... откако сега откри, во наше време, букви на вашиот јазик... и ние да се вброиме кон великите народи, коишто го слават бога на свој јазик. И ете, ние ти го испраќаме човекот, кому што бог ги откри (овие букви) — маж чесен, благоверен и многу учен филозоф..."[37])

По пристигнувањето во Велика Моравија, Кирил и Методиј и нивните ученици биле примени од кнезот Ростислав „со големи почести". Притоа тој им предал на располагање и голем број месни ученици за да ги обучат и оспособат да извршуваат богослужба на разбирлив словенски јазик.[38])

Дејноста на браќата Кирил и Методиј и нивните ученици во Велика Моравија се одвивала непречено повеќе од три години. До нарушување на нормалната работа на византиските мисионери дошло во летото 867 година, кога римскиот папа Никола I бил анатемисан на црковниот собор во Цариград, под обвинување дека попаднал во религиозни заблуди. На соборот било одлучено во иднина Римската црква да не се меша во внатрешните работи на Цариградската патријаршија. Огорчен од сето тоа, папата Никола I решил да ја прекине мисионерската дејност на Солунските браќа и нивните ученици во Велика Моравија, кога наредил тие да дојдат во Рим и дадат отчет за својата работа.

Меѓутоа, пред да пристигнат византиските мисионери во Рим, во Цариград дошло до династички преврат. На 27 септември 867 година Михаил III бил убиен и власта ја зел во свои раце Василиј I Македонец (867—886), основоположникот на Македонската династија. Тој веднаш го сменил патријархот Фотие и на негово место го поставил Игнатие. Во меѓувреме го завршил својот живот и папата Никола I и на чело на Римската црква дошол Адријан II. Овие промени поволно влијаеле

---

36) Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 104, 136.

37) Исто, III, стр. 104, 136.

38) Исто.

да започнат преговори за зближување меѓу Цариградската и Римската црква.[39])

На патот за Рим Солунските браќа и нивните верни ученици кратко време се задржале на дворот на панонскиот кнез Коцељ, кој откако им укажал „големи почести“ (зашто имал силна желба да ги „усвои словенските книги“) и им дал околу 50 ученици за да ги изучат, го продолжиле преку Венеција патот за Рим. Во Венеција Кирил извојувал голема победа над „тријазичниците“, т.е. над таму собраните епископи, попови и црноризци, кои се нафрлиле на него „како чавки против сокол“ велејќи му: „Кажи ни, човече, како ти измислуваш сега книги за Словените и ги учиш?... Ние знаеме само три јазика на кои треба да се слави бог со книги: еврејски, грчки, латински“. А философот им одговорил: „Не паѓа ли од бога дожд еднакво за сите? Исто и сонцето не грее ли на сите. Не дишиме ли сите еднакво воздух? Како вие не се срамувате кога определувате три јазика, а сакате сите други племиња и народи да бидат глуви и слепи?... Ние знаеме многу народи кои имаат книги и го слават бога на свој јазик“. Откако философот Кирил „со овие и други посилни зборови ги посрамил“ тријазичниците, мисионерите го продолжиле патот за Рим, се истакнува во Кириловото панонско житие.[40])

Само што пристигнале во Рим византиските мисионери биле свечено пречекани од папата Адријан II, зашто Кирил со себе ги носел моштите на св. Климент Римски. Притоа, како што пренесува Кириловиот житиеписец, папата Адријан II откако „ги прими словенските книги, ги освети и ги положи во црквата на Света Марија, која се наречува ‚Јасли‘. Потоа папата им заповеда на двајца епископи, Формоза и Гаудерик, да ги посветат словенските ученици. И откако ги посветија, тие веднаш отслужија литургија во црквата на Свети апостол Петар на словенски јазик; и другиот ден отслужија во црквата на Света Петролина, следниот ден во црквата на Свети Андреј, а оттаму пак во црквата на великиот вселенски учител Павле. И пееја цела ноќ прославувајќи го (бога) на словенски јазик, а наутро служеја пак литургија на светиот му гроб, потпомогнати од епископот Арсениј...“[41])

Методиевиот житиеписец исто така соопштува дека папата Адријан II го благословил Кирилометодиевото учење, ги положил „словенските книги врз олтарот на (храмот) на Свети апостол Петар, и го посвети блаженикот Методиј во духовен чин“. Истиот автор истакнува и тоа дека папата му „запове-

---

[39]) В. Н. Златарски, История на българската държава през средните векове, т. I, ч. 2. София 1927, стр. 115 и сл.; П. Петров, Историческите основи на Кирилометодиевото дело. — Сб. Хиляда и сто години славянска писменост (863—1963). София 1963, стр. 83 и сл.

[40]) Климент Охридски, Събрани съчинения, III, стр. 106—107, 137—139.

[41]) Исто, III, стр. 108, 140.

дал на еден од епископите да ракоположи од словенските ученици тројца за свештеници и двајца за четци".[42])

Меѓу посветените ученици на Солунските браќа бил и Климент. Тоа го наведува авторот на Второто Наумово житие, кога истакнува дека папата Адријан II откако го ракоположил Методиј за архиепископ на Моравија и на цела Панонија „ги ракоположи и Климент и Наум заедно со останатите за свештеници и ѓакони".[43]) Дека за време престојот на словенските просветители во Рим бил посветен Методиј за епископ, а неговите ученици за свештеници и ѓакони, се вели и во Италијанската легенда.

Престојот на византиските мисионери во Рим е значаен и по тоа што Килмент при примањето на свештеничкиот чин се откажал од своето световно име и го зел името на Св. Климент Римски, чии мошти ги донел неговиот учител Кирил.[44])

Додека словенските просветители престојувале во Рим, Константин Филозоф се разболел и пред да умре во 869 година се замонашил и притоа го примил името Кирил, со кое и се прославил. Тој бил свечено погребан во црквата на Св. Климент со сите почести што им се укажувале и на римските папи.

По смртта на Кирил на чело на мисијата застанал Методиј. Заедно со своите ученици тој се вратил во Панонија и активно ја помагал борбата за независност на Великоморавското кнежевство. Но, кога во 871 година кнезот Светополк (кој го истиснал од власта Ростислав) бил симнат од престолот и одведен во Германија, Методиј бил фатен од германските епископи, осуден и фрлен во затвор. Тој останал во затворот двеипол години, сè до 873 година, кога по успешното востание Велика Моравија се ослободила и Светополк повторно застанал на чело на државата. Новите услови влијаеле Методиј со папска подршка да застане на чело на Панонската архиепископија, во чиишто рамки влегувале покрај црквите од Панонија и од цела Велика Моравија. Дејствувајќи како панонски архиепископ Методиј од почетокот успеал со помошта на своите верни ученици успешно да им се одупре на акциите на германските свештеници во истиснувањето на словенската богослужба од црквите. Притоа германските свештеници при наложувањето на латинската богослужба наидувале на подршка и од господаречката класа на Моравската држава. Дури и самиот Светополк не сакал да ги раскине целосно врските со германските свештеници. Но и покрај тоа, изворите сведочат дека сè додека Методиј стоел на чело на Панонската архиепископија словенската богослужба со успех се извршувала во црквите.

---

[42]) Исто, III, стр. 188, 199.

[43]) П .Петров. В. Гюзелев, Христоматия, I ,стр. 294.

[44]) Е. Георгиев, Разцветът на българската литература, стр. 92: Х. Поленакович, Климент Охридски, стр. 23.

Положжбата се изменила од основа кога архиепископот Методиј умрел, на 6 април 885 година. Германските свештеници го очекувале овој момент за да уништат сè што било постигнато. На чело на Панонската архиепископија не дошол Горазд, кого што Методиј го определил за свој наследник, туку Германецот Вихинг.[45]) Заедно со потчинетите епископи и свештеници тој отпочнал отворена борба против словенското свештенство со цел да се отстрани словенската богослужба целосно од црквите и да се уништи словенската писменост и култура.

Папата Стефан V допуштил Методиевите ученици да бидат изложени на жестоки малтретирања од германските свештеници. Дел од нив биле фатени и продадени како робови, дел ликвидирани, а само мал дел успеале да се спасат на бугарска територија. Меѓу нив биле и Климент и Наум. Откако извесно време Климент поминал во бугарската престолнина Плиска, кнезот Борис го испратил во средината на 886 година на мисионерска работа во Македонија.

Седумгодишната учителска дејност на Климент Охридски во Македонија, која се одвивала од 886—893 година, со право била досега во центарот на истражувањата кај голем број познавачи на животот, дејноста и делото на Климент Охридски. Како учител Климент ги поставил темелите на Охридската книжевна школа, словенската црква во Македонија, со што со успех го продолжил сесловенското дело на своите учители Кирил и Методиј. Сето тоа пак овозможило Охрид во овој период да се претвори во најразвиен културен центар на Балканот од каде се ширела словенската култура низ целиот словенски свет.

Во научната литература сè уште се води жива полемика по прашањето околу причините кои го натерале кнезот Борис по краткото задржување на Климента во бугарската престолнина Плиска да го испрати да дејствува како учител во областа Кутмичевица. Еден број научници причините ги барале во етничките разлики меѓу поданиците на Бугарската држава и потчинетоста на свештенството во областа Кутмичевица директно на Цариградската патријаршија. Со испраќањето на Климент во Кутмичевица, сметаат овие иследувачи, кнезот Борис сакал да ги стави овие свештеници под власта на бугарскиот црковен поглавар.

Друга група научници, пак, предводени од В. Златарски причините за испраќањето на Климент за учител во Кутмичевица ги побарале во пречките на кои наишол Климент во Плиска од противниците на словенската просвета и богослужба во што предначеле прабугарските болјари и високиот грчки клир, како и спремноста на Византија да допушта да се шири словенската просвета и богослужба во областите кои ги населувале македонските Словени.

---

[45]) Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 98—99.

Трета група научници, пак, го застапуваат гледиштето дека причините кои ги натерале Климент и Наум да ја напуштат бугарската престолнина и да заминат во Македонија се сведуваат на тоа дека во Преслав дошла до израз кирилската писменост поради што Климент и Наум како верни продолжувачи на Кирило-Методиевото писмо, глаголицата, доброволно се повлекле и заминале за Охрид каде и ја формирале Охридската глаголска книжевна школа.

Постои и четврта група научници кои причините за заминувањето на Климент да дејствува како учител во Кутмичевица ги побарале во политиката на Бугарската држава која се сведувала на тоа: преку Климента да се затврдат бугарските позиции во завладеаните македонски и албански територии.[46]) Ваквото гледиште е најприфатливо.

Во Пространото Климентово житие, кое го напишал Теофилакт Охридски кон крајот на XI век врз база на словенски житија, во врска со испраќањето на Климент во Кутмичевица се вели: „(Кнезот) Борис не престануваше да мисли како да им даде на светите сè за неуморното завршување на божјото дело, по внушение божјо ја отргна Кутмичевица од Котокиј и ослободувајќи го од диоцезот, го постави за нејзин началник Добета. Тој го предаде на Добета блажениот Климент или поточно го предаде Добета на Климента, или уште, поточно ги повери еден на друг, едниот како послушен во сè, а другиот, како задолжен да се користи од првиот како од свој помошник, за да ги постигне намерите".[47])

Овие известувања од Теофилакт Охридски поради својата нејаснотија и непостоењето на други изворни податоци во научната литература станале предмет на жива полемика која трае до денес. Во врска со изразот „Котокиј" засега постојат две гледишта. Првото се сведува на тоа дека под овој израз се подразбира поголема област од која била издвоена областа Кутмичевица[48]), а второто дека тоа било лице кое било отстрането од управата над областа Кутмичевица и заменето со Добета.[49]) Вто-

---

46) Вид.: И. Г. Илиев, Бележки върху биографията на Климент Охридски. — Исторически преглед, XL, 1. София 1984, стр. 95 и сл.

47) Вид.: Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета. — Сб. Климент Охридски. Изд. БАН, София 1966, стр. 310.

48) Вид.: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 183 и бел. 1—2; Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 124—125, 156, бел. 115; истиот, Двете гръцки жития на Климент Охридски. — Сб. Климент Охридски, Изд. БАН, София 1966, стр. 149 и сл.; Т. Томоски, Прилог кон топографијата на Климентовата епархија. — Зб. Климент Охридски. Скопје 1986, стр. 205.

49) М. Войнов, Някои въпроси във връзка с образуването на българската държава и покръстването на българите. — Известия на Института за история, 10 София 1962, стр. 302—303: Иван Венедиков, Климент Охридски и Добета, стр. 310 и сл.: Б. Панов, Охрид во епохата на Климент и Наум. — Зб. Климент Охридски. Скопје 1986, стр. 190 и сл.

рото гледиште е прифатливо, зашто навистина глаголот „отргна“ се однесува на личност.[50]) Со таквото сфаќање на Теофилактовото известување се овозможува да се сфати дека кнезот Борис го отстранил Котокиј од управничката должност во областа Кутмичевица и на негово место го поставил Добета, со кого Климент требало да ја усогласи својата учителска дејност.[51])

Во научната литература постои неединство меѓу познавачите на Климент Охридски и по прашањето околу местоположбата и големината на областа Кутмичевица.[52])

Во последно време за изразот Кутмичевица има искажување од бугарскиот учен М. Чалков дека е од прабугарско потекло и значи „новопридобиена, новоприклучена земја“.[53]) Ваквото искажување е доста убедливо, зашто навистина расположливите извори говорат дека областа Кутмичевица паднала под бугарска власт во времето на владеењето на кнезот Борис.[54])

Средиштето на областа Кутмичевица го сочинувале градовите Девол и Охрид. Во прилог на тоа говори искажувањето на Климентовиот житиеписец Теофилакт, дека кнезот Борис за пример на другите му „предал како подарок на триблажениот Климент три дворци во Девол, кои се одликувале по својот раскош и им припаѓале на (луѓе) од комитски род. Освен тоа му подарил и место за одмор околу Охрид и Главиница“.[55]) Во последно време Илија Илиев врз база на сестрана анализа на расположливите изворни податоци градот Девол го локализирал во подножјето на Гора, која се наоѓа меѓу Охридското езеро, реката Девол, планината Мокра и Сува Гора.[56]) Тоа пак оди во прилог на искажувањето на учените дека областа Кутмичевица се простирала во Југозападна Македонија, зафаќајќи делови и од Јужна Албанија.[57]) Поголем дел од оваа територија ја сочинуваат бившата склавинија „Берзитија“ која

---

50) Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета, стр. 310.

51) Исто, 310—311: Б. Панов, Охрид во епохата на Климент и Наум. стр. 190.

52) Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 176 и сл.; Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета, стр. 311 сл., како и таму наведената литература.

53) Види: П. Коледаров, Климент Охридски, „първи епископ на български език“ на Драговитите в солунско и на Великия в западните Родопи .— Сб. Константин — Кирил Философ. София 1969, стр. 158—159. бел. 1.

54) Вид.: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 168: Б. Панов, Охрид во епохата на Климент и Наум, стр. 187.

55) Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 124—125. Сп.: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 60: Б. Панов, Охрид во епохата на Климент и Наум, стр. 188.

56) Ил. Илиев, Бележки върху биографията на Климент Охридски. стр. 98.

57) Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета, стр. 311 и сл.

кнезот Борис ја освоил во периодот меѓу 855 и 864 година.[58]) Притоа тој жестоко се однел спрема берзитските племенски водачи кои му пружиле жесток отпор. Конфискуваните раскошни дворци во Девол и местата за одмор во Охрид и Главиница кои Борис му ги доделил на Климента секако им припаѓале на берзитски кнезови.[59])

Градот Девол станал седиште на новосоздадената воено-административна единица—Деволскиот комитат во чии рамки влегувала целата област Кутмичевица заедно со градовите Велес, Прилеп, Битола, Меглен, Костур, Кичево, Охрид, Дебар и др. Оваа голема воено-административна единица всушност била еден од 10-те комитати на какви била поделена целата проширена Бугарска држава.[60]) До доаѓањето на Климент за учител во Кутмичевица, комит на Деволскиот комитат бил Котокиј, кој потоа бил заменет со Добета. Тој требало да му обезбеди на Климента непречена дејност во изградувањето на броен словенски учителски и свештенички кадар· Преку комитот Добета всушност биле извршувани наредбите на кнезот Борис, каков што бил случајот и со комитите кои стоеле на чело на Брегалничкиот комитат, кои, според вестите од Житието на Тивериополските маченици, биле „служители и исполнители на заповедта" негова.[61]) Комитите расплогале со своја војска, со огромен воедно-административен апарат, така што со помошта и на црковните органи[62]) можеле поуспешно да дејствуваат во затврдувањето на бугарската власт во потчинетите македонски и албански области.

Седумгодишната учителска дејност на Климент во областа Кутмичевица била целосно вклучена, како што нагласува Н. Туницки, во „програмата на кнезот Борис".[63]) Кнезот Борис не случајно го испратил Климента, по краткото задржување во Плиска, да изврши важна државна мисија во Македонија во својство на учител. Уште додека дејствувал како мисионер во Велика Моравија тој бил вброен во редовите на оние сестрано изградени ученици на браќата Кирил и Методиј „кои имале должност на учители".[64]) Освен тоа, Климент спаѓал и во редот на оние „славни мажи" кои биле удостоени во Рим со свештенички чинови.[65]) Уште како византиски мисионер во Велика Моравија, Климент бил оспособен од своите учители Кирил и Методиј да го толкува евангелието, псалтирот итн., што било карактеристично за специјализираните ви-

---

58) Б. Панов, Охрид во епохата на Климент и Наум, стр. 186 и сл.
59) Исто, стр. 188—189.
60) Исто, стр. 190 и таму наведената литература.
61) PG, t. 126, col. 205, B.
62) Исто, col. 205, B: 217, C.
63) Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 187—188.
64) Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 111.
65) Исто, стр. 111.

зантиски учители.[66]) Затоа кнезот Борис веднаш и го испратил Климента да извршува учителска дејност во Кутмичевица. Во името на заштитата на словенското дело, чии основоположници биле неговите учители Кирил и Методиј, Климент заедно со Наум и други нивни соученици биле придобиени од кнезот Борис. Во Македонија Климент бил испратен да изврши мисија од специјално значење. Притоа, како што нагласува неговиот биограф Теофилакт, тој „никогаш не престанал да се грижи да не го измами кнезот во надежите што тој ги полагал на него"[67]) Главната задача што му ја поставил Борис не се состоела во елиминирањето на паганите, кои сè уште ги имало во Македонија,[68]) туку да создаде словенски училишта во кои учениците би се обучувале на словенски јазик и црковна литургија. Тоа, пак, било, како што правилно констатирал Н. Туницки, „фундаментот на целата работа, замислена од Климент и Борис."[69])

Кнезот Борис не без причини го испратил Климента да дејствува како учител во Македонија. Во неа било засилено византиското влијание кое се ширело преку црквите во кои проповедале грчки свештеници уште од 864 година, кога Борис пристанал неговите поданици да бидат покрстени по источен образец. Соочен со засиленото византиско влијание, Борис на трипати ја менувал својата црковна политика со цел да добие самостојна црква. Во периодот од 864—866 година исклучиво се потпрел на Цариградската патријаршија; во периодот од 866—870 година поминал на страната на Римската црква, а од 870 пак на страната на Византија, кога таа му дала право на самостојна бугарска црква, Архиепископија, потчинета на врховната власт на цариградскиот патријарх.[70])

Градот Охрид станал главно средиште на учителската дејност на Климента. Уште додека кнезот Борис бил на власт, Климент изградил повеќе цркви[71]) во кои се вршела богослужба на словенски јазик. На тој начин тој ги поставил темелите не само на изградувањето на македонската словенска школа, туку и на словенската црква.

Како учител Климен успеал да изгради огромен број словенски учители и свештеници. Според вестите од Теофилакт Охридски, Климент располагал во секоја енорија со по триста одбрани ученици и нивниот вкупен број изнесувал не помалку од 3500. Теофилакт кој при пишувањето на своето житие се пот-

---

[66]) Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 185—186.

[67]) Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 125—127.

[68]) Исто, стр. 126—127. Сп.: Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 188: В. Гюзелев, Княз Борис Първи. София 1966, стр. 359 сл.

[69]) Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 188.

[70]) Исто, стр. 175: В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 406 сл.

[71]) Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 132—135.

пирал на словенски житија, буквално ги пренесува и искажувањата на некои од неговите ученици. „Ние секогаш бевме со него—пренесува Теофилакт—присуствувајќи во сè што го вршеше и на коешто учеше преку едното и другото. Ние никогаш не го видовме да безделничи, тој или ги учеше децата, и тоа по разни начини—на едни им ги покажуваше формите на буквите, на други им ја објаснуваше смислата на напишаното, а на трети им ги нагласуваше рацете, за да пишуваат и не само денски туку и ноќе, или се оддаваше на молитва или се занимаваше со читање, или пак пишуваше книги, а понекогаш во исто време вршеше две работи: пишуваше и предаваше на децата некакво знаење, бидејќи знаеше дека безделничењето е учител на секое зло“[72]). Врз база на овие вести од Климентовото житие, Н. Туницки дошол до заклучок, дека во Југозападна Македонија тогаш биле создадени два вида школи: за возрасни и за деца. Во рамките на школите кои обучувале возрасни ученици биле приготвувани главно словенски учители и свештеници.[73]) Тоа го навел и Теофилакт, кога нагласил дека од своите ученици Климент во одделните енории поставувал четци, подѓакони, ѓакони и свештеници.[74]) Климентовиот манастир во Охрид се претворил во главно средиште за стекнување на повисоко црковно и просветно образование. Затоа има основа да се прифати гледиштето на оние учени кои сметаат дека Климентовата школа во Охрид израснала во универзитетски центар, т.е. во средиште на првиот словенски универзитет воопшто.[75])

Додека учителствувал во Кутмичевица, во градот Охрид Климент развил плодна писателска дејност. Бидејќи мнозина од неговите ученици не го разбирале напишаното на грчки јазик, им составил на словенски јазик, истакнува неговиот житиеписец Теофилакт, „прости и јасни слова за сите празници“ потоа ја снабдил црквата со псалмоподобни песнописениа“ итн. Од перото на Климент биле напишани над 50 „слова“ (дела), кои послужиле како основа на изградувањето на македонската литература и култура. Во овој период градот Охрид веќе располагал со свои скриптории и бибилиотека, смета професорот С. Антолјак.[76]) Тоа пак овозможило Охрид да се претвори во расадник на словенска култура, зошто од овој древномакедонски град биле растурани низ Македонија и целиот словенски свет голем број словенски книжевни трудови. Покрај

---

72) Исто, стр. 127.

73) Н. Л. Туницкий, Св. Климент, стр. 189.

74) Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 127.

75) П. Петров, Климент Охридски и неговата епоха. — Сб. Климент Охридски 916—1966. Изд. БАН, София 1966, стр. 48: В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 364.

76) С. Антолјак, Самуиловата држава. Скопје 1969, стр. 90—91.

тоа, во рамките на Климентовата школа израснале и познати писатели и други културни творци, кои исто така придонеле Охрид да се развие во еден од најпознатите словенски културни центри. Во тоа пак се состои големото значење на мисионерската дејност на Климент Охридски во Македонија.

До 893 година, кога Климент бил поставен за прв словенски епископ во Македонија од Симеона, тој успеал да изгради голем број учители и свештеници кои не само што ги зеле местата на византиските свештеници во областа Кутмичевица, туку и во другите македонски области, потчинети на Бугарија, каков што бил случајот и со новооснованата Брегалничка епископија во која била водена богослужба на словенски јазик.[77])

Со назначувањето на Климент Охридски за прв „епископ словенски" уште повеќе се забрзал процесот на словенизирањето на македонските цркви. Како словенски епископ Климент дејствувал во правец на реализација на политиката на Симеон, насочена кон завладување на македонските области кои останале под византиска власт. Затоа, само што дошол на власт, Симеон го поставил Климента, кој веќе бил испробан мисионер, за „епископ на Тивериопол или Велика"[78]). Овој изворен податок кој го содржи т.н. Диканжов список на охридските архиепископи, единствено засега подиректно ја определува местоположбата на Климентовата епископија, па затоа со право Ив. Снегаров, во еден од последните свои трудови вели, дека треба „да биде раководна нишка во барањето на местоположбата на Климентовата епископија"[79]). Податокот пак, од Пространото Климентово житие, дека Климент бил назначен од Симеона за „епископ на Дрембица или Велика"[80]), иако досега бил подложен на сестрана анализа од страна на познавачите на Климента,[81]) се уште во науката останува неразјаснет. Затоа, потпирајќи се на податокот од Диканжовиот каталог, денес единствено може поконкретно да говориме, дека градот Тивериопол (црковниот назив на Струмица) бил седиштето на Климентовата епископија, која, инаку, се простирала на поширока територија. Симеон секако водел сметка кога го испратил Климента да дејствува во овој крај на Македонија зашто Струмица останала како пограничен град, поради што грчкото влијание тука било сè уште големо. Климент најверојатно го зел местото на грчкиот епископ Теоктист Тивериополски, кој заедно со Гаврило Охридски и уште неколкумина

---

[77]) PG, t. 126, col. 208, D.

[78]) Й. Иванов, Български старини из Македония, стр. 565.

[79]) Ив. Снегаров, Към въпроса за епархията на Климент Охридски. — Сб. Климент Охридски 916—1966. София 1966, стр. 303.

[80]) Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 128—129.

[81]) Вид.: Ив. Снегаров, Към въпроса за епархията на Климент Охридски, стр. 291 и сл.

други епископи земал учество на Фотиевиот црковен собор во Цариград во 879 година.[82])

Дека средиштето на Климентовата епископија се наоѓало подалеку од Охрид говори и податокот од Пространото Климентово житие, со кој житиеписецот Теофилакт известува дека „Климент се враќал од Велика во Охрид да види дали жителите на земјата се силни по дух и дали се опираат на стравот од бога како на некаков жезл, така и да остане на спокојство во општењето со бога во својот манастир, чија убавина ја сакал и за која тагувал, кога се оддалечувал некаде"[83]). Како што гледаме, иако Климентовото епископско седиште се наоѓало подалеку од Охрид, тој не престанувал да доаѓа во овој град каде што имал изградено „сопствен манастир" уште додека бил жив Борис.[84]) Во рамките на овој манастир Климент не само што пишувал книги, туку и голем број негови ученици—следбеници препишувале и преведувале книги, со што манастирот се претворил во културно жариште, за кој така многу „тагувал" Климент кога се оддалечувал од Охрид.

Набргу по назначувањето на Климент Охридски за епископ, Симеон ја возобновил војната со Византија. До почетокот на X век тој успеал да ја прошири бугарската граница на 22 км. од Солун, а за што сведочи и еден пронајден пограничен столб во с. Нарш во Егејска Македонија.[85]) Во екот на оваа војна, Климент „веќе погрбавен од старост и истоштен од работа", решил да „се откаже од епископијата", правдајќи се дека е „слаб за црковните грижи". Всушност, причината Климент да се откаже од својата епископска должност секако се должела на ѕверствата што Симеон ги вршел над починетото македонско население. Симеон, истакнува Теофилакт во Климентовото житие, бил „ужасен од тоа неочекувано барање" на Климента; го сметал тоа за лош предзнак за сопственото симнување од „царскиот трон". Откако му нагласил дека со ништо не го повредил лично и дека потчинетото свештенство му останало покорно, едноставно му наредил да си ја повлече оставката.[86])

Присилен од Симеона и натаму да ја извршува својата епископска должност, Климент Охридски по кратко време умрел во 6424 (27 јули 916) година. „Пред да умре—соопштува житиеписецот Теофилакт—тој си направил тестамент, и тоа според канонитe, како за книгите, што ги напишал, така и за имотот... Откако го разделил целиот свој имот на два дела,

---

82) Гръцки извори за българската история, IV, София 1916, стр. 117.
83) Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 134—135.
84) Исто, стр. 133—134.
85) Й. Иванов, Български старини из Македония, стр. 18. Сп.: Б. Панов, Средновековна Македонија, III, стр. 418 и бел. 195.
86) Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 137—141.

тој ја оставил едната половина на Епископијата, а другиот дел на манастирот, давајќи јасен пример и во тој случај како треба да се печали и како да се употребува спечаленото и дека, и едното и другото се по божја сугестија... Не е можно—нагласува понатаму неговиот житиеписец—никој да направил откажување од својот имот по друг попофален начин од оној што го направил великиот Климент". Климент бил погребан во неговиот охридски манастир во гроб што—соопштува Теофилакт—„тој самиот, со сопствените раце, си го подигнал".[87]) Пред повеќе години проф. Д. Коцо успеал да го пронајде и откопа Климентовиот гроб во манастирот Св. Пантелејмон при Имарет[88]) Само шест година пред Климента, на 23 декември 910 година. умрел и неговиот најблизот соработник Наум. Житиеписецот на Второто Наумово житие, инаку негово ученик, соопштува дека „откако изгради сè благоугодно на бога, почина таму (во Охрид) блажениот Наум во длабока старост и ја предаде својата душа во божјите раце на 23 декември. А чесното тело му беше облечено од божествените раце на Христовиот архиерей Климент Охридски и свечено положено во гробот во десното крило на храмот."[89]) Покрај Климент Охридски во науката со право се смета и Наум Охридски за еден од основоположниците на Охридската глаголска книжевна школа.

Иако при извршувањето на својата учителска и епископска дејност во Македонија Климент Охридски се раководел директно од бугарскиот двор, тој целосно се оддал во служба на својот народ. Затоа и дошол во судир со бугарскиот владетел Симеон. Иако кон крајот на својот живот принудно ја вршел својата епископска должност, Климент Охридски „до крајот на својот живот"—истакнува житиеписецот Димитрија Хоматијан—како добар пастир продолжил со сите средства да се „грижи за своето паство".[90])

Заради сè што направил за развојот на македонската просвета, литература и култура, за затврдување основите на македонската словенска црква, Климент Охридски зазема значајно место во историјата на македонскиот народ. Тој исто така зазема значајно место и во културната историја на сите словенски народи, зашто неговата Охридска глаголска книжевна школа се претворила во културно житие на сиот словенски свет.

---

[87]) Истото, стр. 141—143.

[88]) Д. Коцо, Климентовиот манастир „Св. Пантелејмот" и раскопката при „Имарет" во Охрид. — Книга за Климент Охридски. Скопје 1966, стр. 129 и сл.; истиот, Нови податоци за историјата на Климентовиот манастир Св. Пантелејмон во Охрид. — Зб. Климент Охридски. Скопје 1986, стр. 213 и сл.

[89]) П. Петров, В. Гюзелев, Христоматия, I, стр. 295.

[90]) Ал. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 181

Климент Охридски зад себе оставил голем број словенски училишта и цркви, бројни оригинални и преведени словенски книжевни дела, огромен број свои ученици—следбеници, кои по неговата смрт не само што придонеле да остане постојан поменот за него, туку и да се продолжи и низ вековите развие сесловенското дело на Кирил и Методиј, основоположниците на словенската писменост и култура.

Branko PANOV

## CLEMENT OF OHRID AND HIS COMMON SLAVIC ACTIVITY

### Summary

On the base of the sources we have at our disposal (Slavic, Greek, Latin) an attempt has been made in this article to give answer to the dispute questions concerning the problems about the life and work of Macedonian and common Slavic educator Clement of Ohrid. The answers are as follows:

1. Clement of Ohrid is a Slav by origine from those Macedonian regions which from the middle of the IX century within the framework of the „Slavic Princedom", which was governed sor almost 10 years by his brother Methodius, Constantine Philosoph's brother, and whose seat covered the Strumica and Bregalnica regions. Within the Methodius Princedom at the first half of 50's of the IX century the first mission by his brother Constantine the Philosopher, was done mainly among the Slavs living in the course of River Bregalnica. Thanks to Methodius, Constantine in 855 for the needs of Slavs has created the Slavic alphabet, he wrote books in Slavic", and at the same time he baptazed 54000 persons. Clement of Ohrid was among those selected men of Constantine and Methodius brothers who first began adapting „the God's knowledge of their understandable mother tongue.

2. After the conquest of Methodius „Slavic Princedom" by Bulgarians he was among those pupuls of Methodius who together with him withrew to the Mount of Olimp and Asia Minor, where after the Saracen's mission Constantine the Philosopher joined them. Constantine and Methodius in Clement and other loyal pupils had hard working assistents in improving and appending the created slavic alphabet on Macedonian soil together with translaton and writing books in Slavic. Problably, Clement took part also in the Hazzard's mission in 860—861.

3. Clement of Ohrid was among the loyal pupils of Constantine and Methodius during the Moravitn's mission between 863 and 885. In Rome he was honoured and appointed clergy-

man by the pope Adrian II. After the death of Methodius he was among the few prupils who found shelter in Bulgaria.

4. In the middle of 886 by the Bulgarian prince Boris, Clement was sent on a special mission in the region of Kutmičevica. This, „newly concluded country" was in South+West Macedonia and South Albania; its seat contained the Ohrid and Devol regions. In Kutmičevica Clement worked as a teacher for almost seven years preparing about 3500 Slavic pupils (clergymen, tetchers, etc.). The new Slavic clergymen took the posts of the Byzantian, who after 864 served in churches in Greek, spreading the Bysantian religious and political influence. Main Clement's activity as a teacher was in the ancient Macedonian town of Ohrid, which in this period grew up in a seat of the first Macedonian University at all.

5. In 893 the new Bulgarian governer Simeon appointed Clement as first „Slavic Episcop" of the Velička Episcopy, whose seat was in the town of Tiveriopole (Strumica). His teachers post was given to Naum, who together with Clement are considered to be the founders of the Ohrid literary school. Towards the end os his life he submitted his resignation to Simeon, but he did not accept it. Clement died in 916. He was burried in his Ohrid monastery, which according to Teophilact's data „he himself has prepared it".

Though Clement of Ohrid during his teaching and episcopal activity in Macedonia was forced to follow the directives of the Bulgarian court, he entirely devoted to the service of his Macedonian people which made him a conflict witch Simeon. Ne lift a lot of Slavic churches and schools, an enormous number of his pupils—followers, numerous original and translated slavic literary works. In the wey he contributed after his death to prolong and develop through the centuries the common slavic activity of Cyril Methodius brothers, the founders of the Slavic literacy and culture.